РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ
AGJENCIA PËR PLANIFIKIM HAPËSINOR
Бр.-Nr. 0102-1010/1
04.07.2022 год.-viti
Скопје-Shkup

# ГОДИШЕН ПЛАН ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА

# И ЗА ПРОЦЕНКА НА РИЗИЦИ

# ВО АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

**2022 година**

Јули 2022

Архивски знак:
Shenja arkivuese
Рок на чување: год.
Afati i ruajtjes viti
20 година
Потпис, viti
Nënshkrimi

## ВОВЕД

Согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси под корупција се подразбира: "злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг" , а под судир на интереси се подразбира состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности.

Борбата против корупцијата не е едноставен процес, туку подразбира ангажман на целото општество и иницијативност на сите нивоа. Секој поединец има законска и морална обврска да се бори против корупцијата. Ова не значи само препознавање на корупцијата и воздржување од коруптивни дејствија, туку и пријавување случаи кога постојат сомнежи за корупција.

Агенцијата за планирање на просторот тргнува од определбата за успешно спречување на корупцијата и последиците од неа, кои влијаат во разградувањето на општествениот систем и на основните општествени вредности, во уривање на демократските институции и попречување на владеењето на правото во злоупотребување на институционалните капацитети во полза на нелегални цели и интереси, што воедно претставува и дел од стратешките Евроатлански цели и интереси на Република Северна Македонија.

Сметаме дека овој Годишен план за борба против корупцијата ќе ја постигне целта да даде значителен придонес во спречувањето на корупцијата во Република Северна Македонија генерално и дека ќе ја зајакне свеста за штетноста од коруптивното постапување.

## ПРАВНИ ПРОПИСИ ОД ОБЛАСТА НА КОРУПЦИЈАТА

Постојат повеќе закони кои се однесуваат на корупцијата. Најзначајни се: Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Кривичниот законик, Законот за заштита на укажувачи и Законот за лобирање. Во заложбите на меѓународната заедица за борбата против корупцијата се донесени Конвенцијата на Обединтите нации против корупцијата и Цивилната конвенција за спречување на корупција. Република Северна Македонија ги има ратификувнао овие меѓународни документи и истите претставуваат дел од домашното законодавство.

## ШТО Е КОРУПЦИЈА

Под корупција во Агенцијата за планирање на просторот се подразбира:

- злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување корист, директно или преку посредник, за себе или за друг.

- пасивна корупција е намерно делување на службено лице, кое директно или преку посредник, бара или прима корист од каков било вид, за себе или за трето лице, или прифаќа ветување на ваква корист, со цел да делува или да се воздржува од делување во согласност со своите обврски или да ги врши неговите недлежности спротивно на службените обврски.

- активна корупција е намерно делување на кое било лице кое директно или преку посредник, ветува или дава корист од каков било вид на службено лице, за него или трето лице, со цел да делува или да се воздржува од делување во согласност со неговите обврски или да ги врши неговите надлежности спротивно на службените обврски.

- Корист претставува остварување на секој вид материјална или нематеријална придобивка, погодност или предност за себе или за друг.

- Судир на интереси подрабира состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности.